**20220030032**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 56 став (3) точка ж) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 180/2019 и 103/2021) и член 7 став (1) точка ѓ) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-385/3 од 18.03.2013 година, бр. 02-13/5 од 22.01.2014 година, 02-1316/4 од 11.11.2014 година, бр.02-83/3 од 30.01.2015 година, 02/1259/6 од 27.11.2018 година и 02-464/6 од 29.03.2019 година), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на 05.10.2021 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ГИ НАПЛАТУВА ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување ги наплатува од пензиските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 36/2013 и 51/2014) во член 1 став (1) точка 9) по потточката б) се додава сврзникот: „и".

Во потточката в) на крајот на реченицата точката и запирката и сврзникот: „и" се бришат и се става точка.

Потточката г) се брише.

Член 2

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување наплатува надомест за пристап кон информацискиот систем на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и тоа од:

1)друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови во висина од 100.000 денари, месечно;

2) друштво за управување со задолжителни пензиски фондови во висина од 80.000 денари, месечно и

3) друштво за управување со доброволни пензиски фондови во висина од 20.000 денари, месечно."

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се објави по добивањето согласност од Собранието на Република Северна Македонија.

Бр. 02-948/5
6 октомври 2021 година
Скопје

Претседател
на Советот за експерти,
**Максуд Али,** с.р.